УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И
УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJE INDUSTRIALE DHE
MENAXHIM ME RREZIQE

Арх.бр: УП1-11/3 бр.113/2020 Дата.________________

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( “Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11год.) а во врска со член 108 од Законот за животна средина ( “Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), постапувајќи по барањето за Измена на А-интегрирана еколошка дозвола од : Друштво за вадење камен,трговија и производтсво ПРОГРЕС 1998 увоз-извоз Гостивар, Асфалтна база и каменолом, бр. УП1-11/3 113/2020 ОД 28.01.2020 год, Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За издавање на Измена на А – Интегрирана еколошка дозвола

**1.**Се донесува решение за издавање на Измена на А- Интегрирана еколошка дозвола за : Друштво за вадење камен,трговија и производтсво ПРОГРЕС 1998 увоз-извоз Гостивар, Асфалтна база и каменолом,ул.Вруток бр.Краста 2,с.Вруток,Гостивар, по целосно спроведување на процедурата.

**2.**Се задолжува операторот : Друштво за вадење камен,трговија и производтсво ПРОГРЕС 1998 увоз-извоз Гостивар, Асфалтна база и каменолом,ул.Вруток бр.Краста 2,с.Вруток,Гостивар,да постапува во согласност со условите и обврските димензионирани во дозволата.

**3.**Се задолжува операторот, редовно да го известува надлежниот орган за секоја промена или настаната хаварија од работата на инсталацијата која може да има влијание врз здравјето на луѓето и животната средина.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И
УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJE INDUSTRIALE DHE
MENAXHIM ME RREZIQE

## Образложение

Правниот субјект: Друштво за вадење камен,трговија и производтсво ПРОГРЕС 1998 увоз-извоз Гостивар, Асфалтна база и каменолом,ул.Вруток бр.Краста 2,с.Вруток,Гостивар до Министерство за животна средина и просторно планирање достави барање за Измена на А – Интегрирана еколошка дозвола, бр. УП1-11/3 113/2020 од 28.01.2020 год. По целосно спроведената процедура, (Објава на барање за измена на 09.03.2020, Објава на Измена на Нацрт А-ИЕД на 15.05.2020год.), спроведен увид , Записник бр. УП1-11/3 113/2020 од 28.02.2020год. со наод од утврдена фактичка состојба, се издава Измена на А – Интегрираната еколошка дозвола, поради што се донесува решение во кое се наведуваат условите за работа на инсталацијата.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Fatos Balliu
Согласен: Nazim Aliti
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk